Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 11-та седница одржана на ден _.05.2026 година, донесе

# ПРАВИЛНИК

## за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ – Велес

### Член 1

Со овој Правилник се утврдува начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ – Велес.

Под поимот реализирање се подразбира: организација, координација и спроведување на активностите за одржување на Фестивалот.

### Член 2

Советот на Општина Велес со решение формира Организациски одбор на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ – Велес.

Организацискиот одбор брои 5 (пет) членови и тоа претседател и 4 (четири) членови по предлог на културно-уметничките друштва и фолклорни ансамбли од градот.

Мандатот на Организацискиот одбор е четири години од денот на именувањето.

### Член 3

Културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ – Велес се одржува секоја година во последната седмица од јуни или првата седмица од јули во траење од најмалку 4 фестивалски вечери.

Сите датуми поврзани со реализација на манифестацијата можат да бидат променети со Одлука од Организацискиот одбор поради елементарна непогода или виша сила.

### Член 4

Организацискиот одбор изготвува Програма за одржување на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ – Велес со утврден број на ансамбли, распоред на настапите, рокови и финансиска конструкција согласно финансиските средста за тековната година планирани во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата.

Програмата мора да оди во прилог на:

1.Развивање на меѓународните контакти од областа на негувањето на фолклорот и традицијата.

2.Афирмирање на македонските културно-уметнички друштва и фолклорни ансамбли.

3.Афирмирање на достигнувањата на велешките културно-уметнички друштва и фолклорни ансамбли.

4.Афирмирање на вредностите на фолклорот на гостите од странство.

За реализирање на Програмата Организацискиот одбор се овластува да соработува со:

- Институции од областа на културата во Република Северна Македонија и странство;
- Фолклорни фестивали и манифестации од Република Северна Македонија и странство;
- Здруженија и асоцијации што го негуваат фолклорот и традицијата од Република Северна Македонија и странство;
- Државни органи и институции во Република Северна Македонија;
- Други установи од интерес за успешна реализација на Фестивалот.

**Член 5**

Организацискиот одбор врз основа на финансиската конструкција на Програмата донесува Одлука за исплата на хонорари и надоместоци за ангажирани лица, патни трошоци и друго.

**Член 6**

Културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ – Велес е од ревијален карактер и не се доделуваат награди.

Сите учесници на Фестивалот добиваат диплома за учество.

**Член 7**

Организацискиот одбор најдоцна до мај во тековната година ги соопштува имињата на ансамблите учесници на Фестивалот.

**Член 8**

Членовите на Организацискиот одбор за својата работа добиваат надоместок:

- претседател - 21.000 денари;
- член (поединечно) -15.000,00 денари.

**Член 9**

Во текот на организирањето и реализирањето на Фестивалот, Организацискиот одбор соработува со Одделението за јавни дејности и го известува Градоначалникот на Општина Велес.

По завршување на Фестивалот Организацискиот одбор поднесува извештај до Советот на Општина Велес.

**Член 10**

Со влегувањето во сила на овој Правилник, престануваат да важат: „Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал Велес – Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.05/06); Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал Велес – Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.02/17) и Правилник за дополнување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал Велес – Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.11/18)“.

**Член 11**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ – Велес е традиционална меѓународна манифестација што се реализира трета деценија по ред, согласно Одлуката за промена на правниот статус на Установата Интернационален фолклорен фестивал Велес – Велес во културна манифестација на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.05/06).

Согласно Одлуката, на седницата одржана на ден 30.03.2006 година, Советот на Општина Велес донесе Правилник за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал Велес – Велес со арх.бр.0701-1190/5 од 30.03.2006 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.05/06).

Правилникот има две измени и дополнувања и тоа: Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал Велес – Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.02/17) и Правилник за дополнување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал Велес – Велес(„Службен гласник на Општина Велес“ бр.11/18)“.

Поради претрпените измени, како и временскиот период кога се донесени, очигледна е потребата да се донесе нов Правилник во кој се содржани начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ – Велес.

Врз основа на горенаведеното, се предлага овој Правилник до Советот на Општина Велес.

1. Во Правилникот за користење на простории сопственост на Општина Велес од страна на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 5/15), се врши дополнување во:

„член 8, став 3 каде после зборот „Општината" се додава „запирка и зборовите, претставници од Комисијата".

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-3692/9
10.07.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

**Бр. 192**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација интернационален фолклорен фестивал „Велес"-Велес**

Се објавува Заклучокот за донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација интернационален фолклорен фестивал „Велес"-Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09.07.2018 година.

Број 08-3714/9
11.07.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.07.2018 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација интернационален фолклорен фестивал „Велес"-Велес**

1. Советот на Општина Велес го донесе Заклучокот за донесување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација интернационален фолклорен фестивал „Велес"-Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-3692/10
10.07.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.07.2018 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за дополнување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес"- Велес**

Во Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес"-Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 5/06) се врши дополнување во:

„член 7, каде после став 2, да се додаваат два нови става 3 и 4 кои гласат:

„Наративниот дел од извештајот го составуваат членовите на Организациониот одбор на фестивалот, а го потпишува претседателот на Организациониот одбор на фестивалот.

Финансискиот дел од извештајот, согласно планираните средства во Буџетот го подготвува организациниот одбор во соработка со Одделението за финансиски прашања при општината."

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3692/10
10.07.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

**Бр. 193**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)
Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за разрешување и именување претседател на Комисија за општествени дејности**

Се објавува Решението за разрешување и именување претседател на Комисија за општествени дејности, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09.07.2018 година.

Број 08-3714/10
11.07.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 32, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 25, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),
Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 09.07.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување претседател на Комисија за општествени дејности**

1.Маја Хеско се разрешува од претседател на Комисија за општествени дејности.
2.За претседател на Комисија за општествени дејности се именува:
- Максут Бакиовски.

3.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес.

Број 25-3692/11
10.07.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

**Бр. 194**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)
Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за разрешување и именување член на Комисија за Статут и прописи**

Се објавува Решението за разрешување и именување член на Комисија за Статут и прописи, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09.07.2018 година.

Број 08-3714/11
11.07.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 32, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 25, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),
Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 09.07.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување член на Комисија за Статут и прописи**

1.Маја Хеско се разрешува од член на Комисија за статут и прописи.
2.За член на Комисија за статут и прописи се именува:
-Маја Стојанова.

2. Во глава II –„Планирање", после точка 5 се додава нова точка:

6. Планирани за изработка се следните Локални урбанистички плански документации:

| | |
|---|---|
| 1 | Локална урбанистичка планска документација за ДЗ – Спорт и рекреација (мото крос патека) во К.О. Новачани, Општина Велес |

3. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1010/14
28.02.2017 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Александар Колев с.р

**Бр.32**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес"бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес"- Велес**

Се објавува Заклучокот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес"- Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 27.02.2017 година.

Број 08-1042/13
01.03.2017 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
м-р Славчо Чадиев с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02), член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.02.2017 година донесе:

**ПРАВИЛНИК**
**за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес"- Велес**

**Член 1**

Во членот 6 од Правилникот за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес"-Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 5/06) пред став 1 се додаваат два става кои гласат:

„Членовите на организациониот одбор се избираат од Советот на Општина Велес по претходно доставени предлози од страна на фолклорни ансамбли и културно уметнички друштва од Општина Велес.

Бројот на членовите е 5 од кои еден е претседател и 4 члена, а мандатот на членовите е две години.„

Ставот 1 од членот 6 , станува став 3.

**Член 2**

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1010/15
28.02.2017 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Александар Колев с.р

84.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за прогласување на Заклучокот за усвојување на Правилник на начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација интернационален фолклорен фестивал „Велес“ Велес**

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација интернационалниот флоклорен фестивал „Велес“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.03.2006 година.

Број 0801-1203/7
31 март 2006 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 24, став 2, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.03.2006 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Правилник за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација интернационален фолклорен фестивал„Велес“ Велес**

1. Се усвојува Правилникот за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација интернационалниот фолклорен фестивал„Велес“ Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1190/8
30.03.2006 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов,с.р.

Врз основа на член 5 став 2 и 3 од Одлуката за промена на правниот статус на Установата Интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес во културна манифестација на Општина Велес („Службен гласник“ бр.5/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.03.2006 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдува начинот и постапката за реализирање на културната манифестација нтернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес.

Под поимот реализирање се подразбира: организација, координација и спроведување на активностите за одржување на Фестивалот.

**Член 2**

Културната манифестација интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес се орджува секоја година во последната недела на јуни во траење од 4 фестивалски вечери.

**Член 3**

Организациониот одбор изготвува Програма за одржување на Културната манифестација интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес со утврден број на ансамбли, распоред на настапите и финансиска конструкција и ја доставува до Градоначалникот на Општина Велес.

Програмата мора да оди во прилог на:

1. Развивање на меѓународните контакти од областа на негувањето на фолклорот и традицијата.

2. Афирмирање на македонските културно-уметнички друштва и фолклорни ансамбли.

3. Афирмирање на достигнувањата на велешките културно-уметнички друштва и фолклорни ансамбли.

4. Афирмирање на вредностите на фолклорот на гостите од странство.

За реализирање на Програмата Организациониот одбор се овластува да соработува со:

- Институции од областа на културата од Република Македонија и странство;
- Фолклорни фестивали и манифестации од Република Македонија и странство;
- здруженија и асоцијации што ги негуваат фолклорот и традицијата од Република Македонија и странство;
-државни органи и институции во Република Македонија;
- други установи од интерес за успешна реализација на Фестивалот.

**Член 4**

На Културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес"-Велес не се доделуваат награди.

Сите учесници на Фестивалот добиваат диплома за учество.

**Член 5**

Организациониот одбор најдоцна до мај во тековната година ги соопштува имињата на ансамблите учесници на Фестивалот.

**Член 6**

Членовите на Организациониот одбор за својата работа добиваат надоместок:

- претседателот -18.000 денари;
- членовите по 12.000 денари.

**Член 7**

Во текот на организирањето и реализирањето на Фестивалот, Организациониот одбор соработува со Одделението за образование, култура, здравство, социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации и го известува Градоначалникот на Општина Велес.

По завршувањето на Фестивалот Организациониот одбор поднесува извештај до Советот на Општина Велес.

**Член 9**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес"

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов,с.р.

**85.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05), Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Фондацијата „Коле Неделковски" Велес за 2006 година**

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Фондацијата „Коле Неделковски" Велес за 2006 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.03.2006 година.

Број 0801-1203/8
31 март 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 9 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.03.2006 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Програмата за работа на Фондацијата „Коле Неделковски" Велес за 2006 година**

1. Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за работа на Фондацијата „Коле Неделковски" Велес за 2006 година.
2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1190/9
30.03.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов,с.р.

**86.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес", бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за прогласување на Решението за распределба на средства за поддршка на спортот во Општина Велес**

Се прогласува Решението за распределба на средства за поддршка на спортот во Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.03.2006 година.

Број 0801-1203/9
31 март 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

81.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлуката за промена на правниот статус на Установата Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ - Велес во културна манифестација на Општина Велес**

Се прогласува Одлуката за промена на павниот статус на Установата Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ - Велес во културна манифестација на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.03.2006 година.

Број 0801-1203/4
31 март 2006 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевск,с.р.

Врз основа на член 23 од Законот за културата („Службен весник на РМ“ бр. 66/03) (пречистен текст), член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и Одлуката за основање Установа Интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.5/01),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.03.2006 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за промена на правниот статус на Установата Интернационален фолклорен фестивал “Велес“ - Велес во културна манифестација на Општина Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши промена на статусот на Установата Интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес и Установата се трансформира во културна манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес.

**Член 2**

На Установата Интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес и престанува статусот на правно лице.

Имотот, правата и обврските на Установата ги презема основачот.

**Член 3**

Културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес продолжува со остварување на целта на установата: организирање на Интернационалниот фолклорен фестивал „Велес“-Велес, негување културните традиции,развивање на меѓународната соработка на овој план, размена на културното и фолклорното наследство со народите од земјите учеснички на Фестивалот.

**Член 4**

Интернационалниот фолклорен фестивал „Велес“-Велес ќе го реализира организационен одбор составен од претседател и 4 члена.

Организациониот одбор го именува Советот на Општина Велес.

**Член 5**

Организациониот одбор го сочинуваат претставници на Општина Велес, од културноуметничките друштва од Велес и истакнати личности од обласата на фолклорот, музиката и етнологилата.

Организациониот одбор работи согласно Правилник со кој се регулира начинот и постапката за реализирање на Интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес.

Правилникот го донесува Советот на Општина Велес.

**Член 6**

Средствата потребни за реализирање на Интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес се обезбедуваат од:
- Буџетот на Општина Велес;
- Министерството за култура;
- Други извори.

**Член 7**

Административно-техничките и материјално-финансиските работи на Интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес ги извршуваат стручните служби на Општина Велес.

**Член 8**

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за основање Установа Интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес (“Службен гласник на Општина Велес“ бр.8/01).

**Член 9**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 0701-1190/5
30.03.2006 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.